**20211642730**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Врз основа на членовите 9 став (3) и 10 став (4) од Законот за субвенциониран студентски оброк („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/20 и 150/21), министерот за образование и наука, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗЈАВАТА ЗА ТОЧНОСТ НА ВНЕСЕНИТЕ ПОДАТОЦИ И ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПРИЈАВАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО НА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на изјавата за точност на внесените податоци и за формата и содржината на образецот на пријавата за стекнување со право на субвенциониран студентски оброк („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 299/20), Прилозите број 1 и 2 се заменуваат со нови Прилози број 1 и 2, кои се дадени во прилог и се составен дел на овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-10710/1 | Министер за образование |
| 15 јули 2021 година | и наука, |
| Скопје | **Мила Царовска**, с.р. |

Прилог број 1

**ИЗЈАВА ЗА ТОЧНОСТ НА ВНЕСЕНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ПРИЈАВАТА ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО НА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК**

Од________________________________________________________
(име и презиме на студентот)

од ________________________________________________________
(општина)

со ЕМБГ________________________________________ , државјанин на Република Северна

Македонија, број на мобилен телефон_____________адреса за е-пошта ________________,

редовен студент на _____________________________факултет и број на индекс__________

Изјавувам под морална, материјална и кривична одговорност дека податоците дадени од моја страна во Пријавата за стекнување со право на субвенциониран студентски оброк се веродостојни.

Подносител на изјавата,

____________________________
(име и презиме)

______________________
(потпис)

Датум
______________________

Прилог број 2

**ПРИЈАВА**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО ПРАВО НА СУБВЕНЦИОНИРАН СТУДЕНТСКИ ОБРОК**

Од_______________________________________________________од
(име и презиме на студентот)

___________________________________________________________
(општина)

со ЕМБГ______________________________________ , државјанин на Република Северна

Македонија, број на мобилен телефон_____________адреса за е-пошта ________________,

редовен студент на _________________________________________факултет при

Универзитетот _______________________________________и број на индекс____________

трансакциска сметка број________________________ во банка ________________________

поднесувам барање за внесување во системот за стекнување со право на субвенциониран студентски оброк, имајќи предвид дека:

- ☐ Сум редовен студент,
- ☐ Не сум регистриран како индивидуален земјоделец,
- ☐ Немам месечен приход поголем од минималната нето-плата во Републиката во тековната година,
- ☐ Сум државјанин на Република Северна Македонија
- ☐ Не сум во редовен работен однос

(се пополнува соодветно поле)

Министерството за образование и наука по службена должност обезбедува:
- податок за редовен студент од студентската служба на факултетот
- податок од Управата за јавни приходи за остварени приходи по разни основи за тековната година (приходи од самостојна дејност, приходи од вршење земјоделска дејност, приходи од имот и имотни права, приходи од капитал, капитални добивки, добивки од игри на среќа и други наградни игри, други приходи)
- податок за државјанство на Република Северна Македонија од Министерството за внатрешни работи
- податок за редовен работен однос од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија

Давам СОГЛАСНОСТ за обработка на моите лични податоци потребни заради пријавување за стекнување на правото на субвенциониран студентски оброк.

Подносител на пријавата,

__________________________
(име и презиме)

____________________
(потпис)

Датум
____________________